Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10), член 21, став 1, алинеа 1 од Статутот на Македонското стоматолошко друштво од 20.02.2004 година, Одлуката за измена на Статутот на Македонското стоматолошко друштво од 11.03.2008 и Одлуката за измена на Статутот на Македонското стоматолошко друштво од 30.10.2011 година, Одлуката за измена на Статуот на Македонското стоматолошко друштво од 17.11.2016 година, Статутарната одлука од 9.12.2020 година и одлука за имена на статут од 26.03.2021 година, Одлуката за измена на статут од 22.02.2024 година, Собранието на Македонското стоматолошко друштво-МСД Скопје на седница одржана на ден 22.02.2024 година во Скопје го донесе следниот:

# С Т А Т У Т
# (Пречистен текст)

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредува називот, седиштето, дејноста, задачите на друштвото, правата и обврските на членовите на друштвото, организацијата, управувањето, начинот на обезбедување на средства за работа и други прашања.

**Член 2**

(1) Македонското стоматолошко друштво е непрофитна, невладина, самостојна, стручно-научна организација на докторите на стоматологија и/или докторите по дентална медицина од Република Северна Македонија, кое работи организирано на одржувањето и подигањето на нивото на професионална акивност на докторите на стоматологија и/или докторите по дентална медицина (во понатамошниот текст: стоматолози).
(2) Членувањето во друштвото претставува чест и морална обврска на стоматолозите кои живеат во Република Северна Македонија.

**Член 3**

Македонското стоматолошко друштво е организирано како функционална целина на стручна поврзаност на стоматолозите во републиката преку Здруженија.

**Член 4**

Својата активност, Македонското стоматолошко друштво, ја реализира на територијата на Република Северна Македонија како единствен простор за активностите поврзани во остварувањето на целите и задачите.

**Член 5**

(1) Друштвото има својство на правен субјект.
(2) Името на друштвото е ,,Македонско стоматолошко друштво".
(3) Скратениот назив гласи: МСД.
(4) Името на англиски јазик е: Macedonian Dental Society.
(5) Печатот на друштвото има тркалезна форма во пречник од 3 см во кој од надворешната страна на кругот е испишано името на друштвото, а во средината стои слика на заб со Ескулаповиот знак.

**Член 6**

Работењето на друштвото е јавно. Информирањето и меѓусебното комуницирање на членовите се остварува преку одржување на седници на Собранието на друштвото,

состаноци на Управниот одбор, како и преку подготвување на стручни материјали, публикации и соопштенија. Информирањето и контактите со пошироката јавност се остваруваат преку средствата за јавно информирање.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ДРУШТВОТО

**Член 7**

(1) Друштвото преку своите стручни програми континуирано го едуцира и усовршува своето членство.
(2) Друштвото соработува со образовни и здравствени установи, стручни и научни асоцијации и здруженија, соработува со општествени и културни здруженија и организации. Друштвото соработува и се зачленува во меѓународни стоматолошки здруженија во согласност со позитивните законски прописи.
(3) Друштвото го следи и се грижи за развојот и унапредувањето на стоматологијата во Република Северна Македонија. Друштвото ја унапредува, негува и развива стоматолошката етика.

**Член 8**

Друштвото:
- го организира, потикнува, насочува и едуцира своето членство, како и работата на здруженијата;
- ја донесува и реализира Програмата за работа на МСД и врши верификација на Програмите за работа на Здруженијата;
- се грижи за планско усовршување на членството преку конгреси, собири, симпозиуми, семинари, советувања, стручни состаноци и ја организира и реализира континуираната едукација, регулирана со посебен Правилник за дефинирање на научните собири за КМЕ;
- се грижи за остварување на правата и обврските на членовите во согласност со Статутот;
- соработува со Стоматолошката комора на Македонија, високообразовни институции, Македонското лекарско друштво, Министерството за здравство, Министерството за образование, стоматолошки и медицински асоцијации, хуманитарни организации и други институции итн;
- како национална асоцијација на стоматолозите од Република Северна Македонија, може да биде член на Светското стоматолошко здужение (FDI), Европската асоцијација на стоматолози (ERO) и на нив слични организации;
- ја негува и унапредува етиката на стоматолошката професија;
- води евиденција за своето членство и издава членски карти;
- извршува и други работи во согласност со овој статут и позитивните законски прописи на РМ;

## ЧЛЕНСТВО

**Член 9**

(1) Член на друштвото може да биде секој дипломиран доктор-стоматолог, кој доброволно ќе пристапи со поднесување на писмена пристапница, ќе го прифати Статутот и ќе плаќа членарина. При приемот во членство му се издава членска карта.
(2) Друштвото може да има и почесни членови. Почесен член може да биде граѓанин на Република Северна Македонија и странски државјанин, кои имаат остварен посебен придонес во медицината или стоматологијата. Почесниот член го именува Собранието на предлог на Управниот одбор и истите се ослободени од плаќање на членарина.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.5
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT SHKUP-nr.5

(3) Друштвото може да има и придружни членови. Придружен член може да биде лице кое не е доктор по стоматологија и/или дентална медицина, доколку соработува со стоматолозите во работи и прашања што се предмет на стручниот интерес на Друштвото. Придружниот член го именува Собранието на предлог на Управниот одбор и ги има сите права и обврски како и другите членови, освен учеството во изборите за членови на органите на Македонското стоматолошко друштво.

## ПРАВА И ДОЛЖНОСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ

**Член 10**

Членовите на друштвото ги имаат следните права и должности:

- да учествуваат во сите активности за остварување на задачите на друштвото;
- да избираат и да бидат избрани во органите и телата на друштвото;
- да учествуваат во работата на сите органи и работни групи во друштвото каде што се избрани;
- да бидат информирани за работата на друштвото;
- други права што се определени со овој Статут и со другите акти на друштвото;
- да плаќаат членарина;

## ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО

**Член 11**

Членството во друштвото престанува:

- со писмена изјава на членот дека истапува;
- со исклучување од членството, со Одлука на Управниот одбор, а поради нарушување на угледот и достоинството на МСД по предлог на Управниот одбор на матичното здужение;
- поради неплаќање на чланарина подолго од една година

## ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА ДРУШТВОТО

**Член 12**

Својата работа друштвото ја остварува преку следните Здруженија:

- Здружение на специјалисти по ортодонција;
- **Здружение на специјалисти по орална хирургија и имплантологија**;
- Здружение на специјалисти по детска и превентивна стоматологија;
- Здружение на специјалисти по протетика;
- Здружение на специјалисти по болести на забите и ендодонтот;
- Здружение на специјалисти по болести на устата и пародонтот;
- Здружение на специјалисти по максилофацијална хирургија;
- Здружение на општи стоматолози;

**Член 13**

(1) Барање за формирање на ново специјалистичко здружение поднесуваат најмалку 20 членови на Друштвото кои се специјалисти во дадена област од стоматологијата од која се формира здружението или се стручно квалификувани во областа на стоматологијата и медицината.

(2) Формирањето на ново специјалистичко здружение го потврдува Собранието на Друштвото. Формирањето на ново Здружение го предлага Управниот одбор, по претходна расправа за поднесеното барање.

**Член 14**

Член на здружение не може да биде оној кој не е член на МСД.

**Член 15**

(1) Здружението има ист печат како и МСД, со посебна ознака за Здружението согласно законската регулатива.
(2) Седиштето на здружението се утврдува од страна на членството на здружението на изборно Собрание. Здружението одржува секоја година Собрание, а на четири години изборно Собрание. Членовите на Здружението ги верифицира Управниот одбор на МСД.

**Член 16**

Здружението работи по Правилник што го подготвува самото, а го верифицира Управниот одбор на МСД. Со Правилникот на здружението се определува начинот и постапката на изборот на неговите тела и неговата функција и истиот мора кореспондира со Статутот и Програмата на МСД.

**Член 17**

Материјално-финансиското работење на Здруженијата се остварува преку сопствена подсметка на Здружението на главната сметка на Друштвото. Сметководственото работење за сите Здруженија го извршува друштвото. Меѓусебните односи на друштвото и Здруженијата се прецизирани со посебен правилник за меѓусебно работење.

## ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

**Член 18**

Органи на Друштвото се:
- Собрание;
- Управен одбор;
- Претседател;
- Надзорен одбор;
- Одбор (стручно тело) за континуирано спроведување на стручно усовршување

**Член 19**

Изборот на органите на друштвото се врши на Изборно собрание. Мандатот на избраните членови и органи трае 4 (четири) години, со можност за избор најмногу два пати едноподруго на иста функција.

### Собрание

**Член 20**

(1) Собранието е највисок орган на Друштвото.
(2) Членовите на собранието се делегираат од секое здружение, секои четири години.
(3) Собранието се состои од 24 члена и тоа:
- 3 (три) члена од Здружение на специјалисти по ортодонција
- 3 (три) члена од **Здружение на специјалисти по орална хирургија и имплантологија**
- 3 (три) члена од Здружение на специјалисти по детска и превентивна стоматологија
- 3 (три) члена од Здружение на специјалисти по протетика

- 3 (три) члена од Здружение на специјалисти по болести на забите и ендодонтот,
- 3 (три) члена од Здружение на специјалисти по болести на устата и пародонтот
- 3 (три) члена од Здружение на специјалисти по максилофацијална хирургија
- 3 (три) члена од Здружение на општи стоматолози

(4) Изборите на Собранието ги распишува Претседателот на МСД најдоцна деведесет дена пред истекот на мандатот на Собранието.

(5) Доколку не се делегираат онолку членови колку што брои Собранието, постапката за непополнетите места се повторува во рок од два месеци.

**Член 21**

Собранието на МСД:

- донесува Статут и врши негови измени и дополнувања и утврдува пречистен текст на истиот;
- избира и разрешува претседател на друштвото, членови на Управниот одбор и членови на Надзорниот одбор;
- донесува Програма за работа на друштвото;
- донесува Правилници и други акти;
- усвојува годишен извештај за работата на друштвото, насоки и планови;
- усвојува завршна сметка и финансиски план;
- одлучува за основање на специјалистички здруженија;
- одлучува за поврзување и соработка на друштвото со други сродни организации;
- за вршење на работи од својот делокруг, Собранието може да формира работни тела (комисии, одбори, работни груги и сл.);
- ја утврдува висината на членарината;
- констатира прием на нови членови и престанок на членување;
- одлучува за престанок на работа на друштвото со двотретинско мнозинство;
- врши и други работи кои што произлегуваат од Статутот

**Член 22**

На член на Собранието може да му престане мандатот и пред времето за кое е избран ако:

- биде отповикан
- си даде оставка
- биде осуден на казна затвор во траење од најмалку 6 месеци
- ако од Судот на честа на СКМ биде осуден за потежок прекршок на Кодексот на стоматолошката деонтологија
- со престанок на членување на друштвото

**Член 23**

Начинот на изборите и отповикувањето на Собранието како и престанување на мандатот се уредува со Деловник за работа на Собранието.

**Член 24**

(1) Седница на Собранието на МСД свикува претседателот на МСД.

(2) Седница на Собранието се свикува и по предлог на Управниот одбор или по предлог на 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието.

(3) Ако претседателот на МСД во рок од 30 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор.

(4) Седница се свикува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

(5) Покана со предлог-дневен ред и материјали за седницата на Собранието се упатува до секој член на Собранието најмалку 15 дена пред одржување на седницата.

(6) Поканата со предлог-дневен ред и материјалите за седницата на Собранието може да се испрати и преку електронска пошта.
(7) Со седницата раководи претседателот на МСД и истиот ги потпишува одлуките и другите акти донесени на седницата.
(8) Во случај на спреченост на претседателот на МСД, седницата може да ја закаже и со истата да раководи член на Собранието што претходно ќе го определи претседателот или ќе се определи претседавач од присутните членови на Собранието на самата седница.
(9) На седниците на собранието се води записник.

**Член 25**

(1) Собранието може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број членови.
(2) Собранието одлучува полноважно со мнозинство гласови од присутните. Ако резултатите од гласањето се изедначени (50%-50%), тогаш се гласа најмногу уште три пати, во спротивно поставениот предлог за гласање се симнува од дневен ред.
(3) За донесување на Статутот, одлука за распуштање на собранието пред времето за кое е избрано и распишување на нови избори, донесувањето на финансиски план, завршна сметка на МСД како и при утврдување на членарината, Собранието одлучува со мнозинство на гласови на дветретини присутни од вкупниот број на членови на собранието.
(4) Одлучувањето во собранието се врши со јавно гласање, освен ако собранието не одлучи да биде тајно.
(5) Секој член на собранието има право на еден глас.
(6) Донесувањето на одлуките може да се изврши и преку електронско гласање.

**Член 26**

Собранието може да донесе одлука да се распушти пред времето за кое е избрано и да распише нови избори за членови на Собранието.

**Член 27**

Собранието има Деловник за работа и со него подетално се уредува:
- Свикување на Собранието
- Начин на работа на седниците на Собранието и на неговите органи и тела
- Начин на изборите на органите и телата на Собранието
- Текот на другите активности што произлегуваат од Статутот на друштвото

## Управен одбор

**Член 28**

(1) Управниот одбор го избира Собранието на изборна седница од редот на делегатите на Собранието.
(2) Управниот одбор е извршен орган на Собранието на друштвото.
(3) Управниот одбор се состои од 5 члена и тоа:
- Претседател на МСД
- Два потпретседатели на МСД
- Генерален секретар
- Организационен секретар

**Член 29**

(1) Управниот одбор работи на седници. Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на МСД.
(2) Управниот одбор има кворум ако на него присуствуваат мнозинство од неговите членови.

(3) Управниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство на гласови на присутните членови на одборот.
(4) Со управниот одбор раководи Претседателот на друштвото. Во отсуство на Претседателот, со седниците раководи еден од потпретседателите.
(5) Управниот одбор се состанува по потреба, а најмалку 3 пати годишно.
(6) На седниците на Управниот одбор се водат записници. Записниците ги води записничар кој го поптпишува записникот, а го заверува претседавачот на седницата.
(7) За својата работа Управниот одбор е одговорен пред Собранието на МСД.

**Член 30**

Управниот одбор:
- ги извршува одлуките на Собранието на МСД;
- подготвува материјали за седниците на собранието;
- формира комисии и други тела и ги именува нивните членови;
- донесува акт за организација и систематизација на работите и задачите на работните места на стручната служба на МСД;
- врши надзор над работата на стручната служба и решава за засновање и престанување на работниот однос на работниците во стручната служба;
- разгледува и зазема ставови за развој на дејноста на МСД;
- поднесува извештај до Собранието на МСД;
- ја организира работата на друштвото;
- се грижи за реализација на Програмата на МСД и ја поттикнува, координира и ја следи работата на специјалистичките здруженија;
- го насочува финансиското работење;
- одлучува по жалби и поплаки во својство на второстепен орган;
- управува со имотот на МСД;
- ги разгледува и дава согласност на Правилниците на специјалистичките здруженија;
- ги верифицира мандатите на избраните членовите во органите и телата на здруженијата
- врши други работи од неговиот делокруг утврдени со Статутот на МСД;

**Претседател**

**Член 31**

(1) Претседателот на МСД:
- го претставува МСД и ја раководи неговата работа;
- ги потпишува актите што ги донесува Собранието и Управниот одбор и се грижи за нивно спроведување;
- ги свикува и води седниците на Управниот одбор и Собранието на МСД;
- ја координира работата на комисиите, органите и телата на МСД;
- годишно и на крајот на мандатот поднесува извештај за работата на органите и телата на МСД;
- се грижи за остварување на соработка со други национални здруженија, органи и организации во Републиката и надвор од неа;
- ги потпишува сите документи од материјално и финансиско работење на МСД;
- предлага двајца потпретседатели од членовите на Управниот одбор;
- одговорен е за јавноста во работа на МСД.

(2) Претседателот на МСД го избира Собранието со јавно гласање, доколку не одлучи гласањето да биде тајно.
(3) Предлог кандидат (по еден) за избор на Претседател на МСД дава секое Здружение поединечно на начин утврден со Деловник за работа на Собранието.
(4) За Претседател на МСД е избран кандидатот кој добил мнозинство на гласови од присутниот број на членови на Собранието.

(5) Ако се предложени повеќе кандидати за претседател а во првиот круг на гласање ниту еден од кандидатите не го добил потребното мнозинство гласови, во вториот круг на гласање се врши избор од првите два кандидати, кои во првиот круг на гласање добиле најмногу гласови.
(6) За својата работа, Претседателот на МСД е одговорен пред Собранието на МСД.

**Потпретседател**

**Член 32**

Потпретседателот го заменува Претседателот во негово отсуство и тоа за работи за кои тој ќе го овласти.

**Генерален секретар**

**Член 33**

Генералниот секретар раководи со стручната служба, ја организира нејзината работа и работата на органите и телата на Друштвото, подготвува стручни материјали, прави анализи и врши други активности од својот делокруг на работа. Генералниот секретар му помага во работата на претседателот и потпретседателите.

**Организационен секретар**

**Член 34**

Организациониот секретар ја организира и администрира работата на Друштвото, подготвува материјали за седниците заедно со генералниот секретар, води евиденција за членарината и врши други работи.

**Член 35**

Заради остварување на целите и задачите, Управниот одбор, со одлука, формира комисии и други тела и ги именува нивните членови.

## Надзорен одбор

**Член 36**

(1) Надзорниот одбор брои 3 члена кои се избираат од Собранието на друштвото.
(2) Мандатот на надзорниот одбор изнесува 4 години.
(3) Работата на Надзорниот одбор се определува со Правилник кој се донесува од страна на Собранието на друштвото.

**Член 36-а**

(1) Одборот (стручното тело) за континуирано спроведување на стручно усовршување брои 7 члена кои се избираат од Собранието на друштвото.
(2) Мандатот на членовите изнесува 4 години.
(3) Работата на Одборот се определува со Правилник кој се донесува од страна на Собранието на друштвото.

## Стручна служба

**Член 37**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.5
SHKUP-nr.5
ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT

Стручната служба ја сочинуваат вработените во стручната служба кои работат општи, административни и стручни работи. Со стручната служба раководи Претседателот и Генералниот секретар на МСД.

**Член 38**

Платите и другите примања на вработените се определуваат од страна на Управниот одбор на предлог на Претседателот и генералниот секретар во согласност со законот.

## Награди и признанија на друштвото

**Член 39**

(1) Друштвото на предлог на Управниот одбор доделува награди и признанија за постигнатите резултати во струката и во работата на друштвото.
(2) Условите, начинот и постапките за доделување на награди и признанија се уредуваат со посебен Правилник во согласност со законските регулативи на РМ, кој го донесува Собранието.

## КОНГРЕС

**Член 40**

(1) МСД ќе одржува Конгрес секоја трета година. Претседателот на Конгресот е Претседателот на МСД.
(2) Местото и точното време на одржување на Конгресот ќе го одреди Собранието на МСД на предлог на Управниот одбор на МСД.
(3) Протоколот за одржување на Конгрес на МСД е одреден со Правилник за дефинирање на научни манифестации на КМЕ, усвоен од Собранието на МСД.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат на начин и по постапка како за неговото донесување.

**Член 42**

(1) МСД престанува да постои:
    - Кога за тоа ќе одлучат 2/3 од членовите
    - Кога бројот на членовите ќе се намали под бројот определен за неговото основање
    - Кога ќе се утврди дека Друштвото престанало да работи
    - Кога ќе настанат причини утврдени со Законот за здруженија на граѓани и фондации.
(2) Одлука за престанок на МСД донесува Собранието на МСД со двотретинско мнозинство.
(3) Во случај на престанок со работа на МСД, по намирување на обврските, вкупниот имот на МСД се пренесува на Црвениот крст на Македонија.

**Член 43**

По влегување во сила на овој Статут, во рок од 6 месеци, специјалистичките здруженија се должни да ги усогласат своите акти со овој Статут.

Член 44

Статутот влегува во сила со денот на донесувањето.

22.02.2024 година
Скопје

Претседател
Проф. д-р Габриела Ќурчиева – Чучкова